**РАБОТИЛНИЦА ЦЕФ ЉУБЉАНА, ЈУНИ-ЈУЛИ 2015 ГОДИНА**

Работилница на тема Статистички избор на примерок во ревизија, во организација на ЦЕФ Љубљана

Работилницата на тема Статистички избор на примерок во ревизија се одржа во периодот од 29 јуни – 1 јули 2015 година во Љубљана. На оваа работилница присуствуваа тројца ревизори од Ревизорското тело.
Цел на работилницата беше да опфати методологии на ревизорски избор на примерок и видови на техники за избор. Темите беа следните: разни видови на избор на примерок и кога истите се користат, врска помеѓу материјалноста, ризикот од избор и веродостојноста, Местото на (статистичкиот) избор на примерок во ревизијата, Планирање, извршување и евалуација на статистичкиот избор на примерок и разбирање на резултатите од (статистичкиот) избор на примерок.
На работилницата присуствуваа 26 учесници од Албанија, Ерменија, Азербејџан, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Грузија, Македонија, Молдавија, Монголија, Црна Гора и Турција.
Предавач: два експерти од Централното ревизорско тело во Министерство за финансии на Холандија.